РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-396/2
31-01-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99-та седница прво продолжение одржана на ден 30.01.2024 година донесе

## ОДЛУКА

Постапката по предметот оформен по пријава заведена под број 12-851/1 од 08.02.2023 година, со барање да се испитаат наводите содржани во написите, а се однесуваат на .... и трошењето на државни пари, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување, од причина што по предметните наводи постапува друг надлежен орган пред кој постапката е во тек.

Предметот со број 12-851/1 од 08.02.2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 08.02.2023 година, поднесена е пријава со барање да се испитаат наводите содржани во написите, а се однесуваат на .... и трошењето на државни пари со цел преземање на потребни мерки.

Имајќи во предвид дека предметната пријава подносителот ја има доставено до ... .... и до Основното јавно обвинителство,а во насока на целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, ДКСК побара од Основното јавно обвинителство изјаснување дали е постапено по пријавата која е доставена и до нив односно дали е оформен предмет по истата, како и од .... изјаснување по наводите и информациите содржани во прилозите кон пријавата.

Од страна на Основното јавно обвинителство доставени се податоци со кои известуваат дека Основното јавно обвинителство Скопје постапувајќи по кривична пријава доставена од непознат подносител против ... од ... заведе кривичен предмет под наш број ..... По наведениот кривичен предмет е веднаш постапено на начин што до Министерството за финансиии на РСМ, Управа за финансиска полиција доставена е Наредба за прибирање на податоци поврзани со наводите во кривичната пријава и нејзините прилози кои воедно од подносителот на кривичната пријава се доставени во копија и до Управата за истиот кривично правен настан. По добивање на сите докази од Управата за финансиска полиција и донесување на мериторна јавнообвинителска одлука дополнително Комисијата ќе биде известена.

Од страна на ……. беше доставено барање за дополнителен рок за постапување поради зголемен обем на работа на тековни работи пред крај на година кога …. согласно закон има обврски за припрема и објава на конкурси и изготвување на извештаи за своето работење. Во меѓувреме од страна на … беше доставен и одговор со барање да биде доставено дополнително појаснување кои информации и податоци и се потребни на Комисијата, а се поврзани со анонимната пријава.

Имајќи го предвид фактот што по предметните наводи постапува друг надлежен орган односно Основното јавно обвинителство каде има отворено предмет и пред кој постапката е во тек, ДКСК констатира дека нема елементи за надлежно постапување поради што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Komisioni Shtetëror për Parandalim të Korrupsionit Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Одобрил: Н.Б ,Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk